**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТВРТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 21.11.2025 година

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четвртата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 21.11.2025 година**

Седницата започна во 11:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

Пред преминување на разгледување и усвојување на Нацрт - Записникот од Третата седница на Советот на Општина Гази Баба, за збор се јави членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) кој до претседателот на советот упати процедурална забелешка околу повреда односно неправилна примена на одредбите на законот односно Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, а кои се однесуваат на непочитување на законскиот рок најдоцна 7 дена пред денот на одржување на седницата за објавување на материјалите за седницата на совет (во согласност со член 39 став (4) од Законот за локалната самоуправа, а во врска со член 59 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба).

Во дискусијата учествуваа Претседателот на совет, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

**********

По Нацрт - Записникот од **Третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред од членот на советот - Маја Никодиновска (Левица),

**5.** Советнички прашања.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "5"** беше усвоен со **27 гласа "ЗА"**.

Претседателот на совет констатираше дека точката "5" е составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **27 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
2. Предлог - Одлука за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
3. Предлог - Одлука за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и
4. Предлог - Одлука за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и
5. Советнички прашања.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беше соопштен ставот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Горан Николовски (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на**

**надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за објавување на Јавен повик заројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со исправка на техничка грешка) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Членот на советот Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), поради потреба од дополнителни консултации побара **пауза од 20 минути**, со поддршка на најмалку 5 члена на советот, во согласност со член 84 став (6) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на совет констатираше дека се исполнети условите определени со Деловникот на Советот на Општина Гази Баба и даде пауза од 20 минути.

**По паузата.**

**ПЕТТА ТОЧКА: Советнички прашања.**

**Маја Никодиновска** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Зошто е сменет досегашниот в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и кои биле критериумите за избор на новиот в.д директор на претпријатието - Дени Милевски ?;
2. Како Градоначалникот на Општина Гази Баба во времето додека бил на додипломски студии на Факултетот за безбедност, одбрана и мир се стекнал со звање "професор" ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително прашање не беше поставено.

**Виолета Здравевска** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Од кога ќе започне имплементација на мерката за субвенционирање со 10.000,00 денари за граѓаните за полагање на возачки испити ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Владимир Бојанов** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога ќе започне изградбата на новата спортска сала во ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Филип Анастасов** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е постапката за воведување на зонско паркирање во населба Автокоманда ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Од кој датум ќе започне воведувањето на зонско паркирање во населба Автокоманда ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување беше побарано.

**Јасминка Георгиева** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога и како се планира да се реши метежот пред амбулантата во населба М.А.Ченто ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Крстена Јовановска** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога ќе започне доизградба на фекалната анализција во м.в Чукур маало во населеното место Трубарево и фекалната канализација во населеното место Гоце Делчев ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Дејан Боневски** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е проектот за доизградба на фекалната канализација во населеното место Јурумлери ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Влатко Ристовски** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали има план за подобрување на јавниот превоз и автобуските линии во Општина Гази Баба ?;

2. Како планирате да го подобрите собирањето и рециклирањето на отпадот во Општина Гази Баба ?;

3. Како планирате да го решите сообраќајниот метеж кај пазарчето во населба М.А.Ченто ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување беше побарано.

**Енис Зеќири** (коалиција ВЛЕН):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е изградбата на градинката во населеното место Сингелиќ ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Макфире Исени** (НАИ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е реализацијата на моето писмено барање за целосна имплементација на албанскиот јазик во службена употреба во Општина Гази Баба (во органите на општината) во согласност со Законот за употреба на јазиците, во која фаза е постапката, кои чекори се досега преземени и кој е крајниот рок за имплементација ?;

2. До каде е постапката и градежните активности за изградба на каналот во населеното место Сингелиќ ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително прашање не беше поставено.

**Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога ќе започне доизградбата на ООУ "Крум Тошев", Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Горан Николовски** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Како се одвива процесот со рушење на дивоградбите на подрачјето на Општина Гази Баба ?.
*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително прашање не беше поставено.

**Биљана Муиќ** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Зошто како советничка група не сме поканети на настаните во организација на Општина Гази Баба ?.

*Коментар од стручната служба:*

Градоначалникот на Општина Гази Баба даде насоки до стручната служба, во иднина навремено да бидат известувани членовите на советот за да присуствуваат на настани во организација на општината.

*Коментар од стручната служба:*

Поради избегнување на можни ненамерни грешки и непотребна слободна интерпретација на одговорите на Градоначалникот од страна на стручната служба - изготвувач на записникот, **одговорите на Градоначалникот во автентична изворна форма се достапни преку аудио записот од седницата на советот, како составен дел на записникот**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **12:50** часот.

**Број 09-9771/2**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот